# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

"Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Среда, 14 ноември 2001
Скопје
Број 89 Год. LVII

Претплатата за 2001 година изнесува 8.000 денари. Овој број чини 470 денари.Жиро сметка 300000000188798

**1553.**

Врз основа на член 11, а во врска со член 12 од Одлуката за организација и делокруг на работата на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија, донесувам

### ОДЛУКА
### ЗА СОСТАВ И ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I

Со оваа одлука се утврдува составот и се именува претседател и членови на Комисијата за претставки и предлози на Претседателот на Република Македонија.

II

Комисијата за претставки и предлози на Претседателот на Република Македонија ја сочинуваат претседател и осум членови.

III

За претседател на Комисијата за претставки и предлози се именува: Михајло Маневски - заменик на Јавниот обвинител на Република Македонија.

За членови на Комисијата се именуваат:

1. М-р Јордан Арсов - републички советник во Министерството за внатрешни работи;
2. Васил Грчев - судија на Врховниот суд на Македонија;
3. Трајко Велјановски - државен советник во Владата на Република Македонија;
4. Беса Адеми - заменик на Јавниот правобранител на Република Македонија;
5. Ристо Катевеновски - судија на Основниот суд Скопје I - Скопје;
6. Виктор Алексов - советник на Народниот правобранител;
7. Нада Бајрактарова - судија на Основниот суд Струмица и
8. Александар Младеновски - судија на Основниот суд Скопје II - Скопје.

IV

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-1605
7 ноември 2001 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

---

**1554.**

Врз основа на член 7, став 3 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2001 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 10/2001 и 68/2001), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 06.11.2001 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА ВО ПОСЕБНИОТ ДЕЛ УТВРДЕН СО ИЗМЕНУВАЊЕТО И ДОПОЛНУВАЊЕТО НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2001 ГОДИНА

Член 1

Во Изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Република Македонија за 2001 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 68/2001) се вршат следниве измени на распоредот на средствата во посебниот дел:

- кај сметката 637- Буџет за 2001 година

1. Кај буџетскиот корисник 090.02 Министерство за финансии - функции на држава: во Програма 12 - функција: потставката 462039 - Откуп на канцелариски згради и деловни простории износот "268.414.000" се заменува со износот "258.414.000".

2. Кај буџетскиот корисник 040.08 Агенција за државни службеници: во Програма 11 - Администрација: во потставката 463019 - Мебел и опрема за органите на управата износот "1.000.000" се заменува со износот "6.000.000" и во потставката 468010 - Реконструкција на градежни објекти износот "500.000" се заменува со износот "5.500.000".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.23-5590/1
6 ноември 2001 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**1555.**

Врз основа на член 7, став 3 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2001 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 10/2001), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 6.11.2001 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА ВО ПОСЕБНИОТ ДЕЛ УТВРДЕН СО БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2001 ГОДИНА

Член 1

Во Буџетот на Република Македонија за 2001 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 10/2001) се вршат следниве измени на распоредот на средствата во посебниот дел.

| 09002-МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ -ФУНКЦИИ НА ДРЖАВАТА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12-Функција | | | | |
| Потставка | Опис | Ребаланс | Промена | Износ после пренамена |
| 427110 | Постојана резерва | 50.000.000 | -25.000.000 | 25.000.000 |
| 427128 | Тековна резерва | 120.000.000 | 25.000.000 | 145.000.000 |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-6297/1
6 ноември 2001 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**1556.**

Врз основа на член 24-а, став 1 од Царинскиот закон ("Службен весник на Република Македонија" бр. 21/98, 26/98, 63/98, 86/99, 25/2000 и 109/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 6 ноември 2001 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИ КОНТИНГЕНТ ПРИ УВОЗ НА СУРОВО МАСЛО НАМЕНЕТО ЗА НЕПОСРЕДНО ПРОИЗВОДСТВО

1. Со оваа одлука, а во рамките на билансните потреби се определува царински контингент за увоз на сурово масло со тарифна ознака 1512 11 91 00 во количина од 5.000 тони наменето како репродукционен материјал за непосредното производство без плаќање на царина.

2. Правото на увоз на количините на суровото масло од точка 1 на оваа одлука без плаќање на царина го остваруваат производителите како крајни корисници.

3. Министерот за економија со решение го одобрува увозот на количините на царинскиот контингент на суровото масло по барање на крајните корисници.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-6317/1
6 ноември 2001 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**1557.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 6 ноември 2001 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ

1. Со оваа одлука, моторните возила со кои располагаат и ги користат Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи меѓусебно се отстапуваат на трајно користење и располагање и тоа:

а) Од Министерството за одбрана на Министерството за внатрешни работи се отстапуваат 6(шест) мотоцикли марка "SUZUKI GSX 750 W" со следните регистарски броеви на шасија и мотор:

| Ред. бр. | Број на шасија | Број на мотор |
|---|---|---|
| 1. | JS1AE112100 100492 | R 730 115729 |
| 2. | JS1AE 112100 100500 | R 730 115519 |
| 3. | JS1AE112100 100487 | R 730 115566 |
| 4. | GR7FA/100038 | R 730 107132 |
| 5. | GR7FA/100039 | R 730 107125 |
| 6. | GR7FA/100040 | R 730 107128 |

б) Од Министерството за внатрешни работи на Министерството за одбрана се отстапува теренско моторно возило ПМВ "JEEP GRAND CHIROKE SPORT", број на шасија 1J4FFN8P6UL268997 и број на мотор UL268997.

2. Примопредавањето на моторните возила од точка 1 на оваа одлука да го извршат Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи меѓусебно.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-6298/1
6 ноември 2001 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**1558.**

Врз основа на член 5 од Законот за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2001 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 8/2001), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 6 ноември 2001 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ДЕЛ ОД ВИШОЦИТЕ НА ПРИХОДИТЕ НАД ДОЗВОЛЕНОТО НИВО НА ПОТРОШУВАЧКАТА ВО 2001 ГОДИНА

1. Дел од остварените вишоци на приходите над дозволеното ниво на потрошувачка во 2001 година, во износ од 70.000.000,00 денари се распределуваат на следните Единици на локалната самоуправа:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Берово | 90.000.00 |
| 2 | Пехчево | 450.000.00 |
| 3 | Битола | 530.000.00 |
| 4 | Бистрица | 580.000.00 |
| 5 | Новаци | 580.000.00 |
| 6 | Бач | 580.000.00 |
| 7 | Старавина | 580.000.00 |
| 8 | Могила | 510.000.00 |
| 9 | Кукуречани | 190.000.00 |
| 10 | Цапари | 190.000.00 |
| 11 | Добрушево | 550.000.00 |
| 12 | Македонски Брод | 190.000.00 |
| 13 | Самоков | 440.000.00 |
| 14 | Пласница | 240.000.00 |
| 15 | Валандово | 870.000.00 |
| 16 | Виница | 1.330.000.00 |
| 17 | Блатец | 440.000.00 |
| 18 | Гевгелија | 410.000.00 |
| 19 | Миравци | 240.000.00 |
| 20 | Богданци | 220.000.00 |
| 21 | Стар Дојран | 220.000.00 |
| 22 | Гостивар | 1.190.000.00 |
| 23 | Неготино-Полошко | 510.000.00 |
| 24 | Врапчиште | 340.000.00 |
| 25 | Ростуше | 340.000.00 |
| 26 | Маврови Анови | 870.000.00 |
| 27 | Чегране | 510.000.00 |
| 28 | Долна Бањица | 250.000.00 |
| 29 | Србиново | 340.000.00 |
| 30 | Вруток | 700.000.00 |
| 31 | Дебар | 510.000.00 |
| 32 | Центар Жупа | 240.000.00 |
| 33 | Делчево | 870.000.00 |
| 34 | Македонска Каменица | 660.000.00 |
| 35 | Демир Хисар | 430.000.00 |
| 36 | Сопотница | 430.000.00 |
| 37 | Кавадарци | 790.000.00 |
| 38 | Конопиште | 430.000.00 |
| 39 | Росоман | 340.000.00 |
| 40 | Кичево | 1.190.000.00 |
| 41 | Другово | 430.000.00 |

| | | |
|---|---|---|
| 42 | Осломеј | 340.000.00 |
| 43 | Вранештица | 430.000.00 |
| 44 | Зајас | 340.000.00 |
| 45 | Кочани | 340.000.00 |
| 46 | Чешиново | 340.000.00 |
| 47 | Облешево | 430.000.00 |
| 48 | Зрновци | 340.000.00 |
| 49 | Оризари | 580.000.00 |
| 50 | Кратово | 340.000.00 |
| 51 | Крива Паланка | 340.000.00 |
| 52 | Ранковце | 270.000.00 |
| 53 | Куманово | 540.000.00 |
| 54 | Липково | 1.000.000.00 |
| 55 | Орашец | 530.000.00 |
| 56 | Клечовце | 160.000.00 |
| 57 | Ст. Нагоричане | 160.000.00 |
| 58 | Крушево | 1.190.000.00 |
| 59 | Житоше | 190.000.00 |
| 60 | Неготино | 340.000.00 |
| 61 | Демир Капија | 530.000.00 |
| 62 | Охрид | 2.690.000.00 |
| 63 | Белчишта | 690.000.00 |
| 64 | Косел | 160.000.00 |
| 65 | Мешеишта | 680.000.00 |
| 66 | Прилеп | 490.000.00 |
| 67 | Долнени | 580.000.00 |
| 68 | Тополчани | 580.000.00 |
| 69 | Кривогаштани | 580.000.00 |
| 70 | Витолиште | 680.000.00 |
| 71 | Пробиштип | 880.000.00 |
| 72 | Злетово | 680.000.00 |
| 73 | Радовиш | 870.000.00 |
| 74 | Конче | 680.000.00 |
| 75 | Подареш | 680.000.00 |
| 76 | Ресен | 340.000.00 |
| 77 | Свети Николе | 340.000.00 |
| 78 | Лозово | 270.000.00 |
| 79 | Струмица | 1.790.000.00 |
| 80 | Ново Село | 430.000.00 |
| 81 | Василево | 430.000.00 |
| 82 | Босилово | 430.000.00 |
| 83 | Куклиш | 430.000.00 |
| 84 | Муртино | 870.000.00 |
| 85 | Струга | 1.500.000.00 |
| 86 | Луково | 530.000.00 |
| 87 | Делогожда | 410.000.00 |
| 88 | Лабуништа | 600.000.00 |
| 89 | Велешта | 490.000.00 |
| 90 | Вевчани | 430.000.00 |
| 91 | Тетово | 1.590.000.00 |
| 92 | Џепчиште | 500.000.00 |
| 93 | Теарце | 410.000.00 |
| 94 | Брвеница | 410.000.00 |
| 95 | Камењане | 410.000.00 |
| 96 | Боговиње | 490.000.00 |
| 97 | Шипковица | 410.000.00 |
| 98 | Желино | 410.000.00 |
| 99 | Јегуновце | 530.000.00 |
| 100 | Вратница | 530.000.00 |
| 101 | Велес | 890.000.00 |
| 102 | Богомила | 530.000.00 |
| 103 | Градско | 530.000.00 |
| 104 | Чашка | 530.000.00 |
| 105 | Извор | 350.000.00 |
| 106 | Штип | 690.000.00 |
| 107 | Карбинци | 220.000.00 |
| 108 | Гази Баба | 1.090.000.00 |
| 109 | Арачиново | 600.000.00 |
| 110 | Петровец | 530.000.00 |
| 111 | Илинден | 870.000.00 |
| 112 | К. Вода | 500.000.00 |
| 113 | Студеничани | 600.000.00 |
| 114 | Зелениково | 530.000.00 |
| 115 | Сопиште | 450.000.00 |
| 116 | Карпош | 440.000.00 |
| 117 | Сарај | 350.000.00 |
| 118 | Кондово | 150.000.00 |
| 119 | Ѓ. Петров | 470.000.00 |
| 120 | Чаир | 1.450.000.00 |
| 121 | Чучер Сандево | 200.000.00 |
| 122 | Шуто Оризари | 350.000.00 |
| 123 | Центар | 350.000.00 |
| 124 | Скопје | 1.900.000.00 |
| | ВКУПНО: | 70.000.000.00 |

2. Единиците на локалната самоуправа се должни средствата од точка 1 на оваа одлука да ги користат наменски за остварување на редовните функции на општината.

3. Доделените средства од точка 1 на единиците на локалната самоуправа кои имаат неисплатени обврски за потрошена електрична енергија кон ЈП "Електростопанство на Македонија", Министерството за финансии директно да ги префрли на сметката на ЈП "Електростопанство на Македонија"-Скопје.

4. За спроведување на оваа одлука ќе се грижи Министерството за финансии.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-6504/1
6 ноември 2001 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**1559.**

Врз основа на член 9, став 1 од Законот за јавните патишта ("Службен весник на Република Македонија" бр. 26/2001), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 6 ноември 2001 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МАГИСТРАЛНИТЕ И РЕГИОНАЛНИТЕ ПАТИШТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Во Одлуката за утврдување на магистралните и регионалните патишта на Република Македонија ("Сл. весник на РМ" бр. 54/94, 60/95, 47/97, 107/2000, 40/2001, 72/2001, 79/2001 и 81/2001) во точка 1 под Б) регионални патишта се врши следното изменување и дополнување:

Р-123 Врска со клучка Миладиновци (М-4 со М-1) - с. Миладиновци - с. Горно Коњаре - с. Катлановска Сушица - с. Малино - с. Преод - с. Горобинци (Врска со Р-105),

Р-213 с. Мождивњак (Врска со М-2) - с. Каврак - с. Лисец - с. Мушково - с. Горно Кратово - Кратово (Врска со Р-206).

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-5448/3
6 ноември 2001 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**1560.**

Врз основа на член 30 став 1 точка 2 од Законот за ветеринарното здравство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 28/98), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува

**НАРЕДБА**
**ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ТРАНЗИТ ПРЕКУ ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ЖИВИ ДОМАШНИ И ДИВИ ЧАПУНКАРИ, СЕМЕ ЗА ВЕШТАЧКО ОСЕМЕНУВАЊЕ, ЈАЈНИ КЛЕТКИ И ЕМБРИОНИ, СВЕЖО И ЗАМРЗНАТО МЕСО, ПРОИЗВОДИ, СУРОВИНИ И ОТПАДОЦИ ПО ПОТЕКЛО ОД ДОМАШНИ И ДИВИ ЧАПУНКАРИ ОД БРАЗИЛ**

I. Заради спречување на внесување во Република Македонија на заразната болест лигавка и шап, се забранува увозот во Република Македонија и транзитот преку територијата на Република Македонија на:

1. живи домашни и диви чапункари;

2. семе за вештачко осеменување, јајни клетки и ембриони по потекло од домашни и диви чапункари;

3. свежо и замрзнато месо по потекло од домашни и диви чапункари;

4. производи, суровини и отпадоци по потекло од домашни и диви чапункари, кои потекнуваат од Бразил.

II. Забраната на увоз во Република Македонија и транзит преку територијата на Република Македонија од точка I потточки 3 и 4 од оваа наредба не се однесува на пратките кои потекнуваат од следниве региони во Бразил: Бахиа, Еспирито Санто, Гоиас, Мато Гросо, Мато Гросо до Сул, Минас Гераис, Парана, Рио де Женеиро, Сао Пауло, Сергипе, Тоцантинс и Федералниот Дистрикт.

III. Забраната на увоз во Република Македонија и транзит преку територијата на Република Македонија од точка I потточки 3 и 4 од оваа наредба не се однесува на следниве пратки:

- млеко, млеко во прав и млечни производи за човечка исхрана кои претходно се високо пастеризирани, термички обработени на температура од 72$^0$C повеќе од 15 секунди или подложени на некој друг еквивалентен третман;

- млеко за исхрана на животните кое е двојно пастеризирано, третирано така што е постигната pH вредност пониска од 6 во траење од 1 час;

- во херметички затворени контејнери кај кои со преработката е постигната вредност од F$^0$3 или повеќе, односно стерилни контејнери;

- кај кои во текот на преработката е постигната температура во средината на производот од најмалку 70$^0$C во период не пократок од 30 минути;

- лој, желатин и слични производи кој се термички обработени со температура од најмалку 70$^0$C во период не пократок од 30 минути;

- волна, четина и други влакна по потекло од чапункари за индустриска употреба кои се индустриски испрани, третирани со формалдехид во херметички затворени контејнери во траење од најмалку 24 часа или третирани на некој друг начин што би осигурало дека вирусот на лигавка и шап е уништен;

- кожа и црева кои се солени најмалку 28 дена во морска сол со додаток на 2% карбонатна сода или третирани на некој друг начин како што е пропишано со стандардите на Меѓународното биро за епизоотии (ОИЕ);

- трофеи од диви животни кои се провриени во врела вода во период со кој ќе се осигура дека се отстранети сите материи освен коските, роговите, чапунките, канџите, копитата или забите;

- производи кај кои се постигнати следните услови: активност на водата од 0,93 или помалку, pH вредност од 6 или помалку, време на зреење од најмалку 9 месеци и тежина од најмалку 5,5 килограми;

- сува или полусува храна за домашни миленици;

- замрзнато обескоскено месо кое е дозревано на температура повисока од +2$^0$C најмалку 24 часа пред коските да се отстранат, и каде pH вредноста во месото после дозревањето и пред отстранувањето на коските кога е измерена електронски во средината на мускулот longissimus dorsi е под 6 во секој поединечен случај.

IV. Сите производи од чапункари кои се предмет на оваа наредба што граѓаните ги пренесуваат преку границата на Република Македонија како личен багаж, се одземаат од граѓаните и нештетно се отстрануваат.

V. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 11-9498/1
5 октомври 2001 година
Скопје

Министер,
**Марјан Ѓорчев,** с.р.

**1561.**

Врз основа на член 58 од Законот за акцизите ("Службен весник на РМ" број 32/2001, 50/2001 и 52/2001), министерот за финансии донесе

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ**

Член 1

Во Правилникот за спроведување на Законот за акцизите ("Службен весник на РМ" број 40/2001 и 72/2001), Обрасците "АКЦ-ММ" и "АКЦ-ААП" се заменуваат со нови Обрасци "АКЦ-ММ" и "АКЦ-ААП", кои се составен дел на овој правилник.

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-21845/1
12 ноември 2001 година
Скопје

Министер,
**Никола Груевски,** с.р.

**АКЦ-ММ**

Република Македонија
Министерство за финансии
Управа за јавни приходи

# АКЦИЗНА ПРИЈАВА ЗА МИНЕРАЛНИ МАСЛА

Даночен број

Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт

Датум и број на прием

Акцизен период

Рок на поднесување

Исправка на акцизна пријава

| Ред. бр. [1] | Вид на минерално масло [2] | | Основица [3] | Вкупна акциза (денари) [4] | Количина ослободена од акциза [5] | Количина во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг [6] |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Оловен моторен бензин | 01 | | | | |
| 2 | Безоловен моторен бензин | 02 | | | | |
| 3 | Гасно масло - погонско гориво | 03 | | | | |
| 4 | Гасно масло - гориво за греење | 04 | | | | |
| 5 | Течен нафтен гас - погонско гориво | 05 | | | | |
| 6 | Течен нафтен гас - гориво за греење | 06 | | | | |
| 7 | Керозин - погонско гориво | 07 | | | | |
| 8 | Керозин - гориво за греење | 08 | | | | |
| 9 | Масло за ложење | 09 | | | | |
| 10 | Минерални масла (чл. 29 од ЗА) | 10 | | | | |
| 11 | Вкупна акциза *(збир од ред. бр. 1 до 10 од колона 4)* | 11 | | | | |

## ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА АКЦИЗНАТА ПРИЈАВА

Изјавувам под полна материјална и кривична одговорност дека податоците се точни и вистинити

Потписник

Својство

Потпис и печат

Датум на поднесување

Податоци за обработката

## ОПШТИ НАПОМЕНИ

Акцизните должници кои се иматели на акцизна дозвола, должни се да поднесат акцизна пријава за минерални масла, за настанатиот акцизен долг за минерални масла, за секој акцизен период во рок од 15 дена по истек на секој календарски месец.

Акцизна пријава во овој рок се поднесува и тогаш кога не настанал акцизен долг за соодветниот акцизен период.

Акцизните должници согласно член 13 и 31, став 2 од Законот за акцизите, освен имателите на акцизна дозвола, за настанатиот акцизен долг за минерални масла, должни се да поднесат акцизна пријава за минерални масла веднаш. Во овие случаи не се пополнува рубриката "Акцизен период".

**Напомена:**

Доколку во текот на акцизниот период дојде до промена на висината на специфичната акциза, во согласност со член 28 став 3 од Законот за акцизите, а која е наведена во точката 3 во *"Одлуката за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно методологијата"*, имателите на акцизна дозвола, за минералните масла наведени под редните броеви од **1 - 4 и 9**, доставуваат до Управата за јавни приходи, во прилог кон акцизната пријава одделни податоци за количините испратени од акцизниот склад за кои настанала акциза и износот на пресметаната акциза за тие количини.

**Исправка на акцизната пријава**

Доколку се утврди дека неточно или нецелосно била пријавувана количина на акцизни добра (пр. за која настанала акциза, која е ослободена од акциза или која е испратена во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг), основица по чл. 29 од Законот за акцизите или акцизата настаната во акцизниот период, акцизниот должник е должен да изврши исправка на акцизната пријава за соодветниот акцизен период, со поднесување на нова акцизна пријава. Во тој случај, Ве молиме да го означите полето "исправка на акцизна пријава" со внесување на знакот "Х" и со наведување на акцизниот период за кој се врши исправката.

При поднесувањето на исправка на акцизната пријава, таа се пополнува повторно во целост, со тоа што износите или количините во полињата кои не се исправаат се внесуваат повторно, а во полињата во кои се врши исправката не е дозволено да се внесуваат само разликите туку се внесува целиот исправен износ или количина.

Доколку со исправката на акцизната пријава се пријавува **поголем износ** на акциза од пресметаниот и платениот за соодветниот акцизен период, позитивната разлика се плаќа со нејзиното поднесување.

Доколку со исправката на акцизната пријава се пријавува **помал износ** на акциза од пресметаниот и платениот за соодветниот акцизен период, разликата се враќа согласно член 57, став 1 од Законот за акцизите.

## УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ

Се пополнуваат читливо и целосно само белите полиња од образецот "АКЦ-ММ".

Износите се искажуваат во цели денари без дени.

Во образецот задолжително се внесуваат податоците за: единствениот даночен број, скратениот назив и адресата на вистинското седиште за контакт и акцизниот период за кој се поднесува пријавата.

Доколку не е потребно да се пополни одредено поле, истото се остава празно. Доколку нема пополнување во ниедно поле, во колоната 4, под реден број 11 се впишува 0.

**колона 3** **Основица**

Се внесуваат количините на минерални масла поодделно по видови: во литри мерени на +15°C под редните броеви од 1-4 и во килограми под редните броеви од 5-9, за кои согласно член 13 и 31, став 2 од Законот за акцизи, настанала акциза во акцизниот период, односно веднаш. Во колоната 3 под реден број 10 се внесува основицата согласно член 29 од Законот за акцизите.

**колона 4** **Вкупна акциза (денари)**

Се внесува вкупно пресметаната акциза, по поодделните видови минерални масла наведени под редните броеви од **1 - 10**, а под реден број **11**, се внесува вкупно пресметаната акциза за сите видови минерални масла која акцизниот должник треба да ја плати за акцизниот период во која настанала, односно веднаш во моментот кога настанала.

**колона 5** **Количина ослободена од акциза**

Се внесуваат количините на минерални масла, поодделно наведени по видови под редните броеви од **1 - 10**, ослободени од акциза, кои се испратени од акцизниот склад во акцизниот период.

**колона 6** **Количина во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг**

Се внесуваат количините на минерални масла поодделно по видови наведени под редните броеви од **1 - 10**, кои се испратени од акцизниот склад во акцизниот период во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг.

### ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ

Акцизната пријава за минерални масла ја потпишува своерачно акцизниот должник (пример: лице кое поседува одобрение за акцизно повластено користење, а го користи доброто спротивно на намената, превозник или други лица кои се акцизни должници согласно Законот за акцизите), а за имателите на акцизна дозвола лицето одговорно за работењето со акцизниот склад или неговиот полномошник наведени во акцизната дозвола.

Задолжително наведете го името, презимето и својството на потписникот, датумот на поднесувањето, потпишете ја пријавата и ставете печат.

**Подетални информации во врска со начинот на пополнување на пресметката може да добиете во регионалните дирекции на УЈП и на WEB страницата на Управата за јавни приходи www.ujp.gov.mk**

**АКЦ-ААП**

Република Македонија
Министерство за финансии
Управа за јавни приходи

# АКЦИЗНА ПРИЈАВА ЗА АЛКОХОЛ И АЛКОХОЛНИ ПИЈАЛАЦИ
(освен меѓупроизводи и етил алкохол)

Даночен број

Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт

Датум и број на прием

Акцизен период

Рок на поднесување

Исправка на акцизна пријава

| Ред. бр. [1] | Вид на алкохол или алкохолен пијалак [2] | | Количина (литри) [3] | Вкупна акциза (денари) [4] | Количина ослободена од акциза (литри) [5] | Количина во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг (литри) [6] |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Пиво | 01 | | | | |
| 2 | Пенливо вино | 02 | | | | |
| 3 | Вино | 03 | | | | |
| 4 | Други пенливи ферментирани пијалаци (чл. 35 ст. 4 т. 1 од ЗА) | 04 | | | | |
| 5 | Други непенливи ферментирани пијалаци (чл. 35. ст. 4 т. 2 од ЗА) | 05 | | | | |
| 6 | Вкупна акциза *(збир од ред. бр. 1 до 5 од колона 4)* | 06 | | | | |

## Прилог - пресметка на акциза на пиво

| Ред. бр. [1] | Вид на пиво [2] | Комерцијално пакување [3] | Количина [4] | Степен на алкохол [5] | Степен на екстракт [6] | Акциза (денари) [6] |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |

**Вкупна количина:** *(ред. бр. 1 во кол. 3)* **Вкупна акциза:** *(ред. бр. 1 во кол. 4)*

## ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА АКЦИЗНАТА ПРИЈАВА

Изјавувам под полна материјална и кривична одговорност дека податоците се точни и вистинити

Потписник

Својство

Потпис и печат

Датум на поднесување

Податоци за обработката

## ОПШТИ НАПОМЕНИ

Акцизните должници кои се иматели на акцизна дозвола, должни се да поднесат акцизна пријава за алкохол и алкохолни пијалаци освен меѓупроизводи и етил-алкохол, за настанатиот акцизен долг за нив, за секој акцизен период во рок од 15 дена по истек на секој календарски месец.

Акцизна пријава во овој рок се поднесува и тогаш кога не настанал акцизен долг за соодветниот акцизен период.

Акцизните должници согласно член 13 од Законот за акцизите, освен имателите на акцизна дозвола, за настанатиот акцизен долг за алкохол и алкохолни пијалаци освен меѓупроизводи и етил-алкохол, должни се да поднесат акцизна пријава **веднаш**. Во овие случаи не се пополнува рубриката "Акцизен период".

**Исправка на акцизната пријава:**

Доколку се утврди дека неточно или нецелосно била пријавувана количина на акцизни добра (пр. за која настанала акциза, која е ослободена од акциза или која е испратена во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг), или акцизата настаната во акцизниот период, акцизниот должник е должен да изврши исправка на акцизната пријава за соодветниот акцизен период, со поднесување на нова акцизна пријава. Во тој случај, Ве молиме да го означите полето "Исправка на акцизна пријава" со внесување на знакот "X" и со наведување на акцизниот период за кој се врши исправката.

При поднесувањето на исправка на акцизната пријава, таа се пополнува повторно во целост, со тоа што износите или количините во полињата кои не се исправаат се внесуваат повторно, а во полињата во кои се врши исправката не е дозволено да се внесуваат само разликите туку се внесува целиот исправен износ или количина.

Доколку со исправката на акцизната пријава се пријавува **поголем износ** на акциза од пресметаниот и платениот за соодветниот акцизен период, позитивната разлика се плаќа со нејзиното поднесување.

Доколку со исправката на акцизната пријава се пријавува **помал износ** на акциза од пресметаниот и платениот за соодветниот акцизен период, негативната разлика се враќа согласно членот 57 од Законот за акцизите.

## УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ

Се пополнуваат читливо и целосно само белите полиња од образецот "АКЦ-ААП".
Износите се искажуваат во цели денари без дени.
Во образецот задолжително се внесуваат податоците за: единствениот даночен број, скратениот назив и адресата на вистинското седиште за контакт и акцизниот период за кој се поднесува пријавата.
Доколку не е потребно да се пополни одредено поле, истото се остава празно. Доколку нема пополнување во ниедно поле, во колоната 4, под реден број 6 се влишува 0.

**колона 3** **Количина (литри)**
Се внесуваат количините на алкохол и алкохолни пијалаци поодделно по видови во литри наведени под редните броеви **1 - 5**, за кои согласно членот 13 од Законот за акцизите, настанала акциза во акцизниот период, односно веднаш. За ред. бр. 1 се внесува вкупната количина, утврдена во колона 4 од прилог-пресметката на акциза на пиво.

**колона 4** **Вкупна акциза (денари)**
Се внесува вкупно пресметаната акциза, по поодделните видови алкохол и алкохолни пијалаци наведени под редните броеви од **1 - 5**, а под реден број **6**, се внесува вкупно пресметаната акциза за сите видови алкохол и алкохолни пијалаци (освен меѓупроизводи и етил-алкохол), која акцизниот должник треба да ја плати за акцизниот период во која настанала, односно веднаш во моментот кога настанала. За ред. бр. 1 се внесува вкупната акциза, утврдена во колона 6 од прилог-пресметката на акциза на пиво.

**колона 5** **Количина ослободена од акциза (литри)**
Се внесуваат количините на алкохол и алкохолни пијалаци, поодделно наведени по видови под редните броеви од **1 - 5**, ослободени од акциза, кои се испратени од акцизниот склад во акцизниот период.

**колона 6** **Количина во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг (литри)**
Се внесуваат количините на алкохол и алкохолни пијалаци поодделно по видови наведени под редните броеви од **1 - 5**, кои се испратени од акцизниот склад во акцизниот период, во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг.

**прилог** **Пресметка на акциза на пиво**
Се искажува пресметаната специфична акциза на пиво по видови на пиво според степенот на алкохол или степенот на екстракт содржан во литар пиво специфицирани по комерцијално пакување на производот.

### ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ

Акцизната пријава за алкохол и алкохолни пијалаци освен меѓупроизводи и етил-алкохол, ја потпишува своерачно акцизниот должник (пример: лице кое поседува одобрение за акцизно повластено користење, а го користи доброто спротивно на намената, превозник или други лица кои се акцизни должници согласно Законот за акцизите), а за имателите на акцизна дозвола лицето одговорно за работењето со акцизниот склад или неговиот полномошник наведени во акцизната дозвола.
Задолжително наведете го името, презимето и својството на потписникот, датумот на поднесувањето, потпишете ја пријавата и ставете печат.

**Подетални информации во врска со начинот на пополнување на пресметката може да добиете во регионалните дирекции на УЈП и на WEB страницата на Управата за јавни приходи www.ujp.gov.mk**

**1562.**

Врз основа на член 57 од Законот за семенски материјал, саден материјал и материјал за размножување, признавање, одобрување и заштита на сорта ("Сл. весник на РМ" бр. 41/2000), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, објавува

## ЛИСТА НА НОВИ ОДОБРЕНИ СОРТИ НА СТРАНСКИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ РАСТЕНИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| Вид на растение | Име на сортата | Година на воведување на сортата | Фирма односно име и седиште на создавачот на сортата, односно подносителот на барањето за одобрување за воведување странска сорта во производство |
|---|---|---|---|
| А. ЖИТНИ РАСТЕНИЈА | | | |
| А.1 Triticum aestivum L.- мека пченица | | | |
| | Супер житарка | 2000 | ИО С Ск |
| | Енола | 2001 | ИГТБГР |
| Б. ИНДУСТРИСКИ РАСТЕНИЈА | | | |
| Б 7 Clicine hispida L-соја | Нена | 2001 | ИЗП Ап Ск |
| Г. ГРАДИНАРСКИ РАСТЕНИЈА | | | |
| Г.29 Solanum tuberosum L.- компир | Amorosa | 2000 | AGNL Ах Ск |
| | Impala | 2000 | AGNL Ах Ск |
| | Romano | 2000 | AGNL Ах Ск |
| | Fabula | 2000 | HZPCNL Ах Ск |
| | Lady cristal | 2000 | MNL С Ск |
| | Cupido | 2000 | MNL С Ск |
| | Lady florina | 2000 | MNL С Ск |
| Г.30 Spinacia oleracea L - спанаќ | Marisca | 2001 | SVS Ах Ск |
| Г.9 Brassica oleracea var.capitata L. - зелка | Rodeo<br>Robustor | 2001<br>2001 | NZNL К Ск<br>NZNL Х Ср |
| | Oktoking | 2001 | NZNL К Ск |
| | Balbro | 2001 | NZNL К Ск |
| Г.14 Capsicum annum I - пиперка | Bianka | 2001 | EZNLPK Ср |
| | Delta | 2001 | DRNL Ап Ск |
| Г.1 Alium cepa L.- кромид | Stakato | 2001 | NZNL К Ск |
| Г.16 Citrullus vulgaris L.-лубеница | Fastan | 2001 | NZNL К Ск |
| Г.21 Daucus carota L. - морков | Nantino | 2001 | NZNL К Ск |
| | Maestro | 2001 | NZNL К Ск |
| | Parero | 2001 | SVS Ах Ск |
| Г.18 Cucumis sativum L. - краставица | Sofia | 2001 | BBNL Ах Ск |
| Г 23 Lycopersicum esculentum L. - домат | Celzus | 2001 | ИСПЈУ Ап Ск |
| | Sinatra | 2000 | NSNL Х Ср |
| Г8. Brassica oleracea var. botrytis L. - карфиол | Barselona | 2001 | NZNL К Ск |
| В. ФУРАЖНИ | | | |
| РАСТЕНИЈА | | | |
| В 25 Pisum sativum ssp. arvense L.- добиточен грашок | Rif | 2001 | BBNL Ах Ск |
| В 32 Trifolium pratense - црвена детелина | Fox | 2001 | BBNL Ах Ск |
| В 34 Trifolium repens L. - бела детелина | Barbian | 2001 | BBNL Ах Ск |
| | Menna | 2001 | BBNL Ах Ск |
| | Alice | 2001 | BBNL Ах Ск |
| В. 20 Medicago sativa L. - луцерка | Kruma | 2001 | СЉу СМ Ск |
| | 47279 | 2001 | SPGR ХП Ск |
| | Sandity | 2001 | BBNL Ах Ск |
| | 47255 | 2001 | SPGR ХП Ск |
| | 47280 | 2001 | SPGR ХП Ск |
| Треви за озеленување на паркови и површини | | | |
| В. 26 Poa pratensis L. | Baron | 2001 | BBNL Ах Ск |
| | Barzan | 2001 | BBNL Ах Ск |
| | Baronie | 2001 | BBNL Ах Ск |
| В. 17 Lolium perenne L. | Barball | 2001 | BBNL Ах Ск |
| | Sabor | 2001 | BBNL Ах Ск |
| | Barrage | 2001 | BBNL Ах Ск |
| | Barrana | 2001 | BBNL Ах Ск |
| | Barezane | 2001 | BBNL Ах Ск |
| В.15 Festuca rubra rubra L. | Bargreen | 2001 | BBNL Ах Ск |
| | Barnica | 2001 | BBNL Ах Ск |
| В.15 Festuca rubra trichophyla L. | Barcrown | 2001 | BBNL Ах Ск |
| В.13 Festuca arundinacea L. | Barbizon | 2001 | BBNL Ах Ск |
| | Barfelix | 2001 | BBNL Ах Ск |
| В.1 Agrostis capillaris L. | Bardot | 2001 | BBNL Ах Ск |
| Треви за пасишта | | | |
| В.17 Lolium perenne L. | Barplus | 2001 | BBNL Ах Ск |
| | Barlet | 2001 | BBNL Ах Ск |
| | Barfort | 2001 | BBNL Ах Ск |
| В.17 Lolium multiflorum L. | Bartissimo | 2001 | BBNL Ах Ск |
| | Bartali | 2001 | BBNL Ах Ск |
| В.13 Festuca arundinacea L. | Barcel | 2001 | BBNL Ах Ск |
| | Bariane | 2001 | BBNL Ах Ск |
| В.15 Festuca rubra rubra L. | Bar Frr6 BRA-1 | 2001 | BBNL Ах Ск |
| В.14 Festuca pratense L. | Pradel | 2001 | BBNL Ах Ск |
| | Bartran | 2001 | BBNL Ах Ск |
| В.25 Dactylis glomerata | Baridana | 2001 | BBNL Ах Ск |
| В.27 Phleum pratense | Barliza | 2001 | BBNL Ах Ск |

## ЛЕГЕНДА НА ИМЕ И СЕДИШТЕ НА СОЗДАВАЧОТ НА СОРТАТА, ОДНОСНО ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ОДОБРУВАЊЕ ЗА ВОВЕДУВАЊЕ СТРАНСКА СОРТА ВО ПРОИЗВОДСТВО

| Ред. бр. | Скратено име | Полно име |
|---|---|---|
| 1. | NSNL Х Ср | "Novartis seeds"-Holland<br>"Холма" ДООЕЛ - Струмица |
| 2. | AGNL Ах Ск | "Agrico"-Holland<br>Агрохемија-Скопје |
| 3. | HZPCNL Ах Ск | "HZPC"-Holland<br>Агрохемија - Скопје |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | MNL C Ск | "Mejer"-Holland Семенарство-Скопје |
| 5. | SVS Ах Ск | "SVS"-Holland Агрохемија-Скопје |
| 6. | NZNL К Ск | "Nikerson zwan"-Holland Кобо-Скопје |
| 7. | EZNLPK Ср | "Enza zaden" Рима- комерц - Струмица |
| 8. | DRNL Ап Ск | "De Ruiter seeds"-Holland Агропин - Скопје |
| 9. | BNL Ах Ск | "Bruinsma"-Holland Агрохемија - Скопје |
| 10. | ИСПЈУ Ап Ск | Институт Смедеревска Паланка - СР Југославија Агропин - Скопје |
| 11. | BBNL Ах Ск | "Barenburg"-Holland Агрохемија - Скопје |
| 12. | СЉу СМ Ск | "Семенарна"-Љубљана Семенарна СК-Скопје |
| 13. | SPGR ХП Ск | "Spirou", Солун - Грција Хромос-пестициди - Скопје |
| 14. | ИЗП Ап Ск | Истражувачки институт за кукуруз "Земун Поље" - СР Југославија Агропин - Скопје |
| 15. | ИО С Ск | Пољопривредни институт-Осијек, Р. Хрватска Семенарство - Скопје |
| 16. | ИГТБГРЗКП Бт | Институт за пченица и сончоглед "Добруџа" Генерал Тошево - Бугарија ЗК "Пелагонија" - Битола |

Бр. 08-9098/1
31 октомври 2001 година
Скопје

Министер,
**Марјан Ѓорчев,** с.р.

---

**1563.**

Врз основа на член 57 од Законот за семенски материјал, саден материјал и материјал за размножување, признавање, одобрување и заштита на сорта ("Сл. весник на РМ" бр. 41/2000), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, објавува

## ЛИСТА
## НА НОВИ ПРИЗНАТИ СОРТИ НА ДОМАШНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ РАСТЕНИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| Вид на растение | Име на сортата | Година на признавање на сортата | Фирма односно име и седиште на создавачот на сортата, односно на подносителот на барањето за признавање |
|---|---|---|---|
| А. ЖИТНИ РАСТЕНИЈА | | | |
| А.2.1. Hordeum vulgare L. Есенски двореден јачмен | ЗЈА-7/3 | 2001 | ИА Ск |
| Б. ИНДУСТРИСКИ РАСТЕНИЈА | | | |
| Б.12.Nicotiana tabacum L. Тутун | | | |
| | Ориент 72-48 | 2001 | ВТ В |
| | Б2/93 | 2001 | ИТ Пп |
| | П-65 ПТ | 2001 | СМ Бт |
| | П-80 ПТ | 2001 | СМ Бт |
| Г. ГРАДИНАРСКИ РАСТЕНИЈА | | | |
| Г.23 Licopersicum esculentum L. Домат | Asmara | 2001 | ЗИ Ск |
| | Ace | 2001 | ЗИ Ск |

## ЛЕГЕНДА
## ЗА ИМЕТО И СЕДИШТЕТО НА СОЗДАВАЧОТ НА СОРТАТА, ОДНОСНО НА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА СОРТАТА

| Ред. бр. | Скратено име | Полно име |
|---|---|---|
| 1. | ИТ Пп | ЈНУ "Институт за тутун" - Прилеп |
| 2. | ВТ В | "Велес табак" - Велес |
| 3. | СМ Бт | "Сокомак" - Битола |
| 4. | ИА Ск | д-р Иван Ангелов, Скопје |
| 5. | ЗИ Ск | ЈНУ "Земјоделски институт" - Скопје |

Бр. 08-9098/1
31 октомври 2001 година
Скопје

Министер,
**Марјан Ѓорчев,** с.р.

---

**1564.**

Врз основа на член 10 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 86/2000) и член 89 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 70/1992), а на предлог на Комисијата за кадровски и организациони прашања, Уставниот суд на Република Македонија, на седницата одржана на 8 октомври 2001 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

1. За Генерален секретар на Уставниот суд на Република Македонија се именува Игор Спировски, досегашен советник на Уставниот суд на Република Македонија.

2. Ова решение влегува во сила на 16 ноември 2001 година, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија,
д-р **Тодор Џунов,** с.р.

---

**1565.**

Врз основа на член 63 став 1 точка 23 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 29/96 - пречистен текст и бр. 37/98) Советот на Народна банка на Република Македонија, на 12.11.2001 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЕДИНСТВЕНАТА ТАРИФА ПО КОЈА СЕ НАПЛАТУВААТ НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Во Одлуката за единствената тарифа по која се наплатуваат надоместоците за услугите што ги врши Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 54/2001 - пречистен текст) по точката VI. се додава нова точка VII. која гласи:

### VII. РАБОТИ НА ПЛАТЕН ПРОМЕТ ВО ЗЕМЈАТА

| | Начин на приклучување | | |
|---|---|---|---|
| | Број 1 | Број 2 | Број 3 |
| | | | |
| Еднократни трошоци за приклучување и тестирање* | 5.000,00 ден. | 5.000,00 ден. | 20.000,00 ден. |
| Еднократни трошоци за индиректно учество | 5.000,00 ден. | 5.000,00 ден. | 5.000,00 ден. |
| Месечно членство | | | |
| Месечно членство за носител на платен промет | 12.000,00 ден | 12.000,00 ден | 12.000,00 ден |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Месечно членство за клириншки куќи | 0,00 ден. | 0,00 ден. | 0,00 ден. |
| Месечно членство за останати учесници | 5.000,00 ден. | 5.000,00 ден. | 5.000,00 ден. |
| Месечни цени на налози за плаќање | | | |
| за период до 12:00 часот | 1 налог за плаќање е 1 единица за пресметка | | |
| за период од 12:00 часот до 15:30 часот | 1 налог за плаќање е 2 единици за пресметка | | |
| за период од 15:30 часот до 16:00 часот | 1 налог за плаќање е 4 единици за пресметка | | |
| за период по 16:00 | 1 налог за плаќање е 8 единици за пресметка | | |
| Како време на прием на налогот за плаќање се смета<br>- за начин број 1 кога СВИФТ го доставил налогот за плаќање во МИПС<br>- за начин број 2 и начин број 3 кога МИПС го потврдил приемот на налогот за плаќање со порака за потврда<br><br>Како единствено валидно време се смета времето на МИПС системот. Сите други времиња на локалните компјутери на учесниците не се релевантни за пресметката.<br><br>Периодите на прием ги вклучуваат и завршните времиња. Така на пример периодот до 12:00 часот го вклучува и 12:00:00, но не и 12:00:01. | | | |
| Месечна цена на единици за пресметка | | | |
| за првите 500 единици за пресметка | 40,00 ден. | 35,00 ден. | 35,00 ден. |
| за следните 500 единици за пресметка | 25,00 ден. | 20,00 ден. | 20,00 ден. |
| за следните неограничен број единици за пресметка | 8,00 ден. | 5,00 ден. | 5,00 ден. |

* Се однесува за секоја следна промена. Учесниците кои веќе користат еден од овие начини нема потреба да ги покријат трошоците за приклучување на тој начин, со оглед на нивното учество во имплементацијата на МИПС.

| | | | |
|---|---|---|---|
| за налози за плаќање во корист на Единствената трезорска сметка и сметката на Народна банка за редовно работење, без разлика на бројот на единици за пресметка (овие единици за пресметка не влегуваат во вкупниот збир) | 8,00 ден. | 5,00 ден. | 5,00 ден. |
| Месечни цени на останати пораки | | | |
| за пратени пораки MTn92 | 15,00 ден. | 10,00 ден. | 10,00 ден. |
| за пратени пораки MTn95 | 15,00 ден. | 10,00 ден. | 10,00 ден. |
| за пратени пораки MT985 | 15,00 ден. | 10,00 ден. | 10,00 ден. |
| за пратени пораки MT999 и MT199 | 10,00 ден. | 5,00 ден. | 5,00 ден. |
| за пораки MT999 (broadcast) | 800,00 ден. | 750,00 ден. | 750,00 ден. |
| Месечни цени на примени пораки | | | |
| за прием на пораки MT900 | 0,00 ден. | 0,00 ден. | 0,00 ден. |
| за прием на пораки MT910 | 10,00 ден. | 5,00 ден. | 5,00 ден. |
| за прием на пораки MT940 | 15,00 ден. | 10,00 ден. | 10,00 ден. |
| за прием на пораки MT950 | 0,00 ден. | 0,00 ден. | 0,00 ден. |
| Најавено доцнење (со broadcast) | | | |
| за првите десет минути | 0,00 ден. | 0,00 ден. | 0,00 ден. |
| за доцнење до шеесет минути (потоа системот преоѓа во следна состојба, без разлика дали проблемите се отклонети) | 300,00 ден/мин | 300,00 ден/мин | 300,00 ден/мин |
| | Број 1 | Број 2 | Број 3 |
| Промена на начин на приклучување | 500,00 ден | 500,00 ден | 500,00 ден |
| | + еднократните трошоци за новиот начин (ако се одбира за првпат) | | |
| Процесирање на пораки од дискета | 1.000,00 ден. + бројот на пораките | | |
| Процесирање на Налог на хартија | 1.000,00 ден. | | |
| Процесирање на Решенија за присилна наплата | 1.000,00 ден. | | |
| Процесирање на Инструменти за обезбедување на плаќања - меници | 1.000,00 ден. | | |
| Потврда за состојба на сметка | | | |
| за еден (1) ден | 200,00 ден. | | |
| за период до пет (5) дена | 300,00 ден. | | |
| за период до триесет (30) дена | 400,00 ден. | | |
| за период до шеесет (60) дена | 600,00 ден. | | |
| за период над шеесет (60) дена | 600,00 ден. + 10 денари за секој нареден ден | | |

Налозите на хартија се примаат најдоцна до 14 часот во тековниот работен ден.

По исклучок, од секој учесник може да се примат најмногу 10 налози на хартија, по овој термин најдоцна 30 минути пред затворањето на МИПС системот.

Наплатата се врши на почетокот на секој месец за претходниот месец.

2. Оваа одлука влегува во сила во рок од 8 дена од објавувањето во "Службен весник на Република Македонија" а ќе се применува од 03.12.2001 година.

О.бр. 02-15/182-2001
12 ноември 2001 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
**Љубе Трпески,** с.р.

# Огласен дел

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I - СКОПЈЕ

Основниот суд Скопје I - Скопје се води постапка во врска со тужбата за развод на брак на тужителот Тони Поповски од Скопје, против тужената Сузана Митревска Поповска со непозната адреса на живеење.

На тужената со решение на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје бр. 3020-614 од 10.10.2001 година за посебен старател се поставува лицето Стефановиќ Миодраг, адвокат од Скопје, ул. "Виа Игнација" бр. 8/1-2.

Посебниот старател ќе ги застапува интересите на тужената до нејзиното појавување во судот или од неа овластен полномошник или законски застапник.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Х. П.бр. 703/01. (27979)

---

Пред овој суд е поведена постапка од страна на предлагачот Душанка Кацарска за прогласување на исчезнато лице за умрено.

По предлогот се бара да се прогласи исчезнатото лице Сотировиќ Костадин Радоје, Скопје, за умрено, кој е роден 1906 година во Кратово.

Се повикува секој оној кој што нешто знае за неговиот живот, а воедно се повикува и Сотировиќ Костадин Радоје како исчезнато лице доколку е жив, да се јави во судот во рок од 3 месеци од објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ", а по тој рок исчезнатото лице ќе се прогласи за умрено. Доколку истото не се јави или не се јави некој кој што нешто знае за него. Согласно член 79 од Законот за вонпроцесна постапка.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Р.бр. 131/00. (28053)

## ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II - СКОПЈЕ

Пред овој суд се води постапка за развод на брак по тужбата на тужителката Снежана Ѓорѓиева од Скопје, против тужениот Горан Ѓорѓиев од Скопје, со непозната адреса во странство.

Судот на тужениот му постави привремен застапник адвокатот Кочо Младеноски од Скопје, Градски ѕид, ул."Даме Груев" бр. 7 (до слаткарницата "Малага"), кој ќе ги застапува неговите интереси во постапката XI.П.бр. 158/01.

Се повикува тужениот во рок од 30 дена од објавувањето на огласот да се јави во судот лично или преку полномошник и да ја преземе постапката. Во спротивно, истата ќе продолжи преку поставениот застапник.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, XI. П.бр. 158/01. (28120)

---

Пред Основниот суд Скопје II - Скопје, во тек е постапка П.бр. 1029/01 по тужбата на тужителите Мицевска Драгица и Сава од Скопје, против тужените Младен Кајев и Живко Ѓуров, со непозната адреса на живеење.

Се повикуваат тужените Младен Кајев и Живко Ѓуров во рок од 30 дена од денот на објавувањето на овој оглас, да се јават во судот или на судот му ја достават својата адреса на живеење. Во спортивно, нивните интереси во постапката ќе ги застапува привремениот старател адвокатот Киро Доневски од Скопје, кој што е одреден од Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на град Скопје.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, П.бр. 1029/01. (28013)

---

Пред Основниот суд Скопје II - Скопје се води постапка за расправање на оставината на покојната Душанка Павловиќ родена на 18.03.1915 година во с. Лединци - Нови Сад, а почината на 26.03.1999 година, во с.Мирковци. Како наследник на покојната се јавува лицето Злата Пешиќ, внука на покојната со непозната адреса на живеење. Се повикува Злата Пешиќ во рок од една година од објавувањето на огласот да се јави во судот и да го пријави своето живеалиште. Во спротивно, на истата ќе и биде поставен привремен старател кој ќе ја застапува во оставинската постапка.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, О.бр. 447/99. (28057)

---

Снежана Алмоли од Скопје, поведе постапка пред овој суд за прогласување на исчезнатиот Видоевски Тоде роден на 03.12.1940 година во село Звечан - Македонски Брод за умрен. Истиот бил со последно живеалиште на бул. "АСНОМ" бр. 68-1/27 Скопје, а последен пат е виден на 30.03.1996 година.

Се повикува горе именуваниот доколку е жив да се јави во судот, а исто така се повикува и секое друго лице што знае за неговиот живот да се јави во судот во рок од три месеци од објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ" со напомена дека по истекот на овој рок исчезнатиот ќе се прогласи за умрен.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, ВПП.бр. 68/01. (27786)

## ОСНОВЕН СУД ВО ВЕЛЕС

Пред Основниот суд во Велес поведена е парнична постапка по тужба на тужителот Хајрие Љубиќ од с. Мелница, против тужениот Шакир Љубиќ од Косово СРЈ, сега со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужениот да се јави во судот во рок од 30 дена од денот на објавувањето на овој оглас или, пак, да достави сегашна адреса на живеење.

Доколку не се јави во определениот рок или, пак, не овласти свој полномошник неговите интереси ќе ги застапува привремен застапник назначен од страна на овој суд се до правосилното окончување на постапката.

Од Основниот суд во Велес, П.бр. 759/01. (28033)

---

Во парничниот предмет на овој суд П.бр. 275/00 заведен по тужба на тужителката Снежана Димова од Прилеп, против тужениот Димче Димов од с. Раковец сега со непозната адреса на живеење и престојување, за развод на брак. Вредност на спорот 60.000,00 ден. За привремен застапник на тужениот се одредува Валерија Николова стручен соработник при овој суд согласно со член 78 став 2 точка 4 од ЗПП.

Привремениот застапник ги има сите права и должности на законски застапник по споменатиот предмет се додека тужениот или негов полномошник не се појави пред судот, односно додека органот за старателство не го извести судот дека поставил стратег.

Од Основниот суд во Велес, П.бр. 275/00. (27868)

## ОСНОВЕН СУД ВО ГОСТИВАР

Пред овој суд во тек е постапка за исполнување на усмен договор за купопродажба по тужба на тужителката Гегоска Зорка од Гостивар, ул."ЈНА" бр. 213, против тужената Ѓорѓиеска Паскалија од Скопје, со непозната адреса.

Согласно член 84 став 2 точка 4 од ЗПП на тужената и се определува привремен застапник адвокатот Владо Богданоски, кој ќе ги застапува интересите на тужената се додека таа или нејзин полномошник не се јави пред судот.

Од Основниот суд во Гостивар, П.бр. 667/01.(28036)

---

Пред Основниот суд во Гостивар се води процесна постапка по тужба на тужителот Бајрами Шенгли од с. Падалиште, застапуван од Елези Ферат, адвокат од Гостивар, против тужената Бајрами Исмете од с. Падалиште, сега со непозната адреса во странство.

Бидејќи тужената Бајрами Исмете е со непозната адреса во странство за привремен застапник му е поставен Елеса Алии стручен соработник при Основниот суд во Гостивар, кој ќе ја застапува тужената се додека не се појави пред суд и одреди свој полномошник.

Од Основниот суд во Гостивар, П.бр. 748/2001. (27938)

---

Пред овој суд по предлог на предлагачот Лимани Исмаил од с. Балин Дол - гостиварско, се води постапка за докажување на смртта на лицето Исен Лимани роден на 6.11.1921 год. во с. Балиндол, од татко Бајрам и мајка Наиле Лимани.

Основниот суд во Гостивар го повикува лицето Исен Лимани во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ" и на огласната табла во Основниот суд бо Гостивар, да се јави во Основен суд Гостивар.

Судот истовремено ги повикува сите лица кои знаат нешто за неговиот живот тоа да го соопштат на овој суд.

Судот по истекот на рокот од 15 дена доколку повиканото лице не се јави пред овој суд ќе го прогласи за умрено.

Од Основниот суд во Гостивар, Р.бр. 286/2000. (27939)

## ОСНОВЕН СУД ВО КУМАНОВО

Пред Основниот суд во Куманово поднесена е тужба на тужителот Сумрита Исмаиловска моминско Рамаданова од Куманово, ул. "Илинденска" 5, против тужениот Денис Исмаиловски од Куманово, сега со непозната адреса во Германија.

Со оглед да тужениот Денис Исмаиловски е со непозната адреса на живеење, истиот се повикува да се јави во рок од 30 дена во Судот и достави адреса на која ќе биде повикан, или да постави свој полномошник. Во спротивно по истекот на тој рок Судот на тужениот за привремен застапник му го поставува адвокат. Славе Илиевски од Куманово, кој ќе го застапува тужениот во постапката се додека тужениот или неговиот полномошник не се појави пред судот, односно додека Центарот за социјална работа не го извести Судот дека назначил старател.

Од Основниот суд во Куманово, VII П.бр. 1114/2001. (27774)

## ОСНОВЕН СУД ВО ПРИЛЕП

Пред Основниот суд во Прилеп заведена е тужба од страна на тужителката Новков родена Коруноска Берта од Прилеп, ул. "Никшичка" бр. 17, против тужениот Новков Миле од Осијек, а сега со непозната адреса, за развод на брак. Вредност на спорот 60.000,00 денари.

Се повикува тужениот Новков Миле да се јави во судот во рок од 30 дена по објавувањето на огласот, достави точна адреса, или определи полномошник кој ќе го застапува во постапката по овој предмет.

По истекот на овој рок на тужениот ќе му се постави привремен старател - застапник преку ЦСР-Прилеп.

Од Основниот суд во Прилеп, П.бр. 761/2001. (27774)

## ОСНОВЕН СУД ВО СТРУМИЦА

Основниот суд во Струмица како провостепен граѓански суд постапувајќи по тужбата и барањето на тужителката Есенѓул Алиева од Струмица, против тужениот Емир Алиев од с.Василево, за развод на брак врз основа на член 80 од ЗПП.

За привремен застапник на тужениот Емир Шефкет Алиев од с.Василево куќен бр. 347, а сега со непознато место на живеење во предметот на овој суд П.бр. 2245/01, што се води во Основниот суд во Струмица, по тужбата на тужителката Есенѓул Алиева од Струмица, за развод на брак, се назначува Валентина Митева - стручен соработник при Основниот суд во Струмица.

Привремениот застапник ќе ги застапува интересите на тужениот согласно член 79 од ЗПП, со сите права по Законот се до појавувањето на тужениот или негов полномошник пред овој суд.

Се повикува тужениот Емир да се јави во рок од 15 дена од денот на објавувањето на овој оглас или да испрати свој полномошник.

Од Основниот суд во Струмица, П.бр. 2245/01. (28110)

## ОСНОВЕН СУД ВО ТЕТОВО

Пред Основниот суд во Тетово се води постапка за развод на брак по тужбата на тужителката Аријета Алија од с.М.Речица, Тетово, против тужениот Дашмир Алија од Тетово, сега со непозната адреса во странство.

Бидејќи тужениот е со непозната адреса се повикува да се јави во судот во рок од 15 дена од објавувањето на огласот или да одреди свој полномошник. Во спротивно, на истиот ќе му биде поставен времен старател преку Центрот за социјална работа во Тетово.

Од Основниот суд во Тетово, П.бр. 756/01. (28035)

---

Пред Основниот суд во Тетово се води постапка по тужба на тужителот Мисајловски Драгомир од Тетово, ул."Гоце Делчев" бр. 75, против тужената Анѓелковска Видојка од Скопје, ул."Владимир Комаров" бр. 18А/1, а сега со непозната адреса, поради исполнување на договор.

Бидејќи тужената е со непозната адреса се повикува да се јави во судот, во рок од 15 дена или да одреди свој полномошник. По истекот на овој рок на истата ќе и биде поставен времен старател.

Од Основниот суд во Тетово, П.бр. 556/01. (28111)

## ОСНОВЕН СУД ВО ШТИП

Пред овој суд е поведена вонпарнична постапка за прогласување на исчезнато лице Стојан Коцев Андреев од Штип, за умрено и за докажување на неговата смрт по предлог на предлагачот Александар Андреев од Штип.

Се повикува лицето Стојан Коцев Андреев во рок од 3 месеци да се јави во овој суд како и секој друг што знае за неговиот живот. Во спротивно, по истекот на овој рок исчезнатото лице ќе се прогласи за умрено.

Од Основниот суд во Штип, ВПП.бр. 24/01. (28038)

---

Пред овој суд е поведена вонпарнична постапка за физичка делба на куќа на ул."Еврејска" со дворно место од предлагачката Катица Блажеска од Скопје, против противниците Борис Митрев, Симеон Миланов, Александар Темелков сите од Штип и Павле Митрев со непозната адреса, со привремен престој во Нов Зеланд.

Се повикува лицето Павле Митрев во рок од 30 дена да се јави во овој суд или да определи свој полномошник кој ќе го застапува во постапката по поднесениот предлог. Во спротивно, судот ќе му одреди привремен застапник.

Од Основниот суд во Штип, ВПП.бр. 19/01. (28039)

---

## СТЕЧАЈНИ ПОСТАПКИ

Основниот суд во Битола, со решение Ст. бр. 100/01 од 19.10.2001 година, предлогот на предлагачите: "МАКЕДОНСКА БАНКА" АД Скопје, "ОТЕКС" АД Охрид, "КРЗНО" АД Ресен, "СТОПАНСКА БАНКА" АД Скопје и "ОХИС" АД Скопје, го усвои.

Се отвора стечајна постапка над должникот "ХЕМИСКИ ВЛАКНА" АД Ресен, дејност производство со жиро сметка 40310-601-83354 експозитура во Ресен.

За стечаен судија го определи Симеон Шопов, судија на Основниот суд во Битола и член на стечај-ниот совет.

За стечаен управник го определи Костадин Христов дипломиран економист од Битола.

Се повикуваат доверителите кои имаат разлачни права на подвижни предмети и права на должникот, како и доверителите кои имаат разлачни права врз недвижности на должникот што не се запишани во јавните книги, во рок од 15 дена од објавувањето на решението во "Службен весник на РМ", да ги пријават своите побарувања кај стечајниот управник на адреса на стечајниот должник "ХЕМИСКИ ВЛАКНА" АД Ресен.

Се повикуваат доверителите во рок од 30 дена од денот на објавувањето на решението во "Службен весник на РМ" да ги пријават своите побарувања кај стечајниот управник на адреса на стечајниот должник.

Се повикуваат должниковите должници своите обврски да ги исполнат кај стечајниот управник.

Се закажува рочиште за испитување и утврдување на пријавените побарувања (испитно рочиште), како и рочиште за одлучување на натамошниот тек на стечајната постапка (извештајно рочиште) за ден 20.12.2001 година, во 12 часот, соба бр. 41 во Основниот суд во Битола.

Огласот на огласна табла во судот е истакнат на ден 23.10.2001 година, во 12 часот.

Од Основниот суд во Битола. (27796)

---

Основниот суд во Струмица, со решение Ст. бр. 5/96 од 31.10.2001 година, се заклучува стечајната постапка над должникот ЗЗ "Гоце Делчев" с. Ангелци во стечај.

ЗЗ "Гоце Делчев" с. Ангелци продолжува со рабо-та.

Стечајниот управник Митко Спасов од Струмица, се разрешува од должноста.

Ова решение стечајните доверители можат да го напаѓаат со жалба преку Основниот суд во Струмица, до Апелациониот суд во Штип, во рок од 15 дена од објавата на истото во "Службен весник на РМ".

Од Основниот суд во Струмца. (27797)

---

Со решение на стечајниот совет при Основниот суд во Струмица, под Ст. бр. 140/01 од 22.10.2001 година, е отворена стечајна постапка над должникот ДПУТ "ДЕБАКЛ" увоз - извоз ДОО од с. Моноспитово, општина Муртино, со жиро сметка 41300-601-70882, што се води при ЗПП филијала Струмица, но е одлучено истата да не се спроведе, поради немање имот на должникот, заради што и се заклучи.

Доверителите можат со жалба да го напаѓаат горенаведеното решение во рок од 15 дена од денот на објавувањето на решението во "Службен весник на РМ", преку овој суд до Апелациониот суд во Штип.

По правосилноста на решението, горенаведеното претпријатие ќе се брише од регистарот на претприја-тија.

Од Основниот суд во Струмица. (27798)

---

Основниот суд во Прилеп, со решение Ст.бр. 143/01 од 24.10.2001 година, отвори стечајна постапка према должникот Претпријатие за трговија и услуги увоз - извоз "ВИОР" Прилеп, со седиште на ул. "Орде Чопела" бр. 20-а, запишан во регистраската влошка 1-6762 на Окружниот стопански суд во Битола, со предмет на работење трговија и услуги со жиро сметка 41100-601-14333 при ЗПП - Прилеп.

Стечајната постапка према должникот не се спроведува но се заклучува поради немање на имот.

Од Основниот суд во Прилеп. (27799)

---

Основниот суд во Прилеп, со решение Ст. бр. 110/01 од 8.10.2001. година, отвори стечајна постапка према должникот Претпријатие за производство и трговија на големо и мало увоз - извоз "БОЗЕ- БОЗА" со седиште на ул; "Димо Наредникот" Б3/42 во Прилеп, запишан во регистарска влошка 1-17676 на Окружниот стопански суд во Битола, со дејност работање трговија на мало со разни животни продукти, алкохолни пијалаци и производи за домашна потреба со жиро сметка 41100-601-34249 во ЗПП - Прилеп.

Стечајната постапка према должникот не се спроведува, но се заклучува поради немање на имот.

Од Осноиот суд во Прилеп. (27800)

---

Основниот суд во Прилеп, со решение Ст. бр. 130/01 од 15.10.2001 година, отвори стечајна постапка према должникот угостителско, трговска и услужна задруга "3-М" увоз - извоз Прилеп, П.О со седиште на ул. "Блаже Ивановски" бр. 11 запишан во регистарска влошка 2-673 на Основниот суд во Битола, со предмет на работење останати угостителски услуги, кафулиња, бифиња и слично, со жиро сметка 41100-601-42905 при ЗПП - Прилеп.

Стечајната постапка према должникот не се спроведува , но се заклучува поради немање на имот.

Од Основниот суд во Прилеп. (27801)

---

## ЛИКВИДАЦИИ

Основниот суд Скопје I - Скопје, објавува дека со решение на овој суд II.Л.бр. 294/01 од 13.09.2001 година е отворена ликвидациона постапка над должникот Производно, трговско претпријатие на големо и мало "МЕТКОР ПРОМЕТ" ЦО увоз-извоз Скопје, с.Орланци, Скопје, со жиро сметка бр. 40100-601-38900.

За ликвидатор се определува лицето Костовски Милосав од Скопје, ул."Славејко Арсов" бр. 46.

Се повикуваат доверителите на должникот да ги пријават своите побарувања во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ" до ликвидаторот со пријава во два примерока со докази, а најдоцна во рок од 3 месеци од денот на последната објава.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (27958)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, објавува дека со решение на овој суд I.Л.бр. 305/01 од 27.09.2001 година е отворена ликвидациона постапка над должникот Претпријатие за сервисни услуги, промет на големо и мало "ПАНТАРЕИ" увоз-извоз ДОО Скопје, ул. "Жан Жорес" бр. 129/3-8, со жиро сметка бр. 40110-601-66498.

За ликвидатор се определува лицето Андрија Лаиновиќ, Скопје, ул."Волгоградска" бр. 12/2-13.

Се повикуваат доверителите на должникот да ги пријават своите побарувања во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ" до ликвидаторот со пријава во два примерока со докази, а најдоцна во рок од 3 месеци од денот на последната објава.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (28007)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, објавува дека со решение на овој суд II.Л.бр. 348/01 од 06.11.2001 година е отворена ликвидациона постапка над должникот Претпријатие за промет и услуги "НАСКОМ" извоз-увоз Куманово, ул."Владимир Назор" бр. 5, со жиро сметка бр. 40900-601-13747.

За ликвидатор се определува лицето Светлана Божиновска од Куманово, ул."Октомвриска Револуција" бр. 26/2-8.

Се повикуваат доверителите на должникот да ги пријават своите побарувања во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ" до ликвидаторот со пријава во два примерока со докази, а најдоцна во рок од 3 месеци од денот на последната објава.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (28049)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, објавува дека со решение на овој суд II.Л.бр. 342/01 од 30.10.2001 година е отворена ликвидациона постапка над должникот Претпријатие за туризам и угостителство "БИСЛИМ-ГРИЛ" ЦО Куманово, ул."ИИИ МУБ" бр. 141, со жиро сметка бр. 40900-601-16385.

За ликвидатор се определува лицето Светлана Божиновска од Куманово, ул."Октомвриска Револуција" бр. 26/2-8.

Се повикуваат доверителите на должникот да ги пријават своите побарувања во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ" до ликвидаторот со пријава во два примерока со докази, а најдоцна во рок од 3 месеци од денот на последната објава.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (28048)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, објавува дека со решение на овој суд II.Л.бр. 326/01 од 19.10.2001 година е отворена ликвидациона постапка над должникот Претпријатие за производство и трговија на големо и мало "МЕГАМИКС" увоз-извоз Куманово, ул."Салтир Наумов" бр. 8, со жиро сметка бр. 40900-601-42910.

За ликвидатор се определува лицето Светлана Божиновска од Куманово, ул."Октомвриска Револуција" бр. 26/2-8.

Се повикуваат доверителите на должникот да ги пријават своите побарувања во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ" до

ликвидаторот со пријава во два примерока со докази, а најдоцна во рок од 3 месеци од денот на последната објава.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (28047)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, објавува дека со решение на овој суд II.Л.бр. 296/01 од 17.09.2001 година е отворена ликвидациона постапка над должникот Претпријатие за услуги и трговија на големо и мало "ГО - ГО" извоз-увоз ПО Куманово, ул."Тоде Думба" бр. 6-а, со жиро сметка бр. 40900-601-13224.

За ликвидатор се определува лицето Светлана Божиновска од Куманово, ул."Октомвриска Револуција" бр. 26/2-8.

Се повикуваат доверителите на должникот да ги пријават своите побарувања во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ" до ликвидаторот со пријава во два примерока со докази, а најдоцна во рок од 3 месеци од денот на последната објава.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (28051)

---

Ликвидаторот Петровски Марјан запишан во судскиот регистар при Основниот суд Скопје I - Скопје со решение П.Трег.бр. 2437/01 објавува дека Друштвото за производство, услуги и трговија ВЕЛО М Марјан ДООЕЛ Куманово и со број на жиро сметка 40900-601-1148 отворена при ЗПП филијала Куманово е во ликвидација.

Се повикуваат доверителите на должникот да ги пријават своите побарувања во рок од 15 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ", до ликвидаторот со пријава во два примероци со докази, а најдоцна во рок од 30 дена од последната објава.

Од ликвидаторот. (28052)

---

Ликвидаторот Сакиповски Омер запишан во Судскиот регистар при Основниот суд Скопје I - Скопје со решение П.Трег.бр. 2248/01 објавува дека Друштвото за трговија, угостителство и услуги ОМЕР КОМЕРЦ 1 Кумрије и др. ДОО увоз-извоз и со број на жиро сметка 40900-601-33759 отворена при ЗПП филијала Куманово е во ликвидација.

Се повикуваат доверителите на должникот да ги пријават своите побарувања во рок од 15 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ", до ликвидаторот со пријава во два примероци со докази, а најдоцна во рок од 30 дена од последната објава.

Од ликвидаторот. (28050)

---

Ликвидаторот Стојкова Соња од Скопје запишан во Судскиот регистар при Основниот суд Скопје I - Скопје со решение П.Трег.бр. 2976/01 објавува дека Друштвото за производство, трговија и услуги ГРАЦИЈА Гордана и Соња ДОО увоз-извоз со број на жиро сметка 40110-601-470618 отворена при ЗПП филијала Скопје е во ликвидација.

Се повикуваат доверителите на должникот да ги пријават своите побарувања во рок од 15 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ", до ликвидаторот со пријава во два примероци со докази, а најдоцна во рок од 15 дена од последната објава.

Од ликвидаторот. (27995)

---

Ливидаторот Наумовска Велика од Скопје, бул. "Јане Сандански" бр. 90 II/8, запишан во Судскиот регистар при Основниот суд Скопје I - Скопје со решение П.Трег.бр. 2782/01 објавува дека Друштвото за производство, трговија и услуги АРФА - КОМЕРЦ Атула ДООЕЛ увоз-извоз с.Крушопек, Сарај и со број на жиро сметка 40120-601-118165 отворена при ЗПП филијала Ѓ.Петров е во ликвидација.

Се повикуваат доверителите на должникот да ги пријават своите побарувања во рок од 8 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ", до ликвидаторот со пријава во два примероци со докази, а најдоцна во рок од 15 дена од последната објава.

Од ликвидаторот. (28029)

---

Ливидаторот Наумовска Велика од Скопје, бул. "Јане Сандански" бр. 90 II/8, запишан во Судскиот регистар при Основниот суд Скопје I - Скопје со решение П.Трег.бр. 2880/01 објавува дека Друштвото за производство, промет и услуги ЕЛАН ТРЕЈД Зора ДООЕЛ увоз-извоз Скопје и со број на жиро сметка 40120-601-133170 отворена при ЗПП филијала Ѓ. Петров е во ликвидација.

Се повикуваат доверителите на должникот да ги пријават своите побарувања во рок од 8 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ", до ликвидаторот со пријава во два примероци со докази, а најдоцна во рок од 15 дена од последната објава.

Од ликвидаторот. (28030)

---

Ливидаторот Арминовски Мито од Скопје, ул. "Петар Манџуков" бр. 23 б, запишан во Судскиот регистар при Основниот суд Скопје I - Скопје со решение П.Трег.бр. 1926/01 објавува дека Друштвото за производство, промет, транспорт и услуги ПАЕМ Милан ДООЕЛ експорт-импорт ул."Беас Куле" бр. 14, Скопје и со број на жиро сметка 40120-601-390982 отворена при ЗПП филијала Скопје е во ликвидација.

Се повикуваат доверителите на должникот да ги пријават своите побарувања во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ", до ликвидаторот со пријава во два примероци со докази, а најдоцна во рок од 30 дена од последната објава.

Од ликвидаторот. (28125)

---

Ливидаторот Арминовски Мито од Скопје, ул."Петар Манџуков" бр. 23 б, запишан во Судскиот регистар при Основниот суд Скопје I - Скопје со решение П.Трег.бр. 1196/01 објавува дека Друштвото за градежништво, проектирање, инженеринг и трговија ГОЛД ПРОЕКТ ИНЖИНЕРИНГ Горан и др. ДОО ул. "Народен Фронт" бр. 5-1-56, Скопје и со број на жиро сметка 40100-601-212480 отворена при ЗПП филијала Скопје е во ликвидација.

Се повикуваат доверителите на должникот да ги пријават своите побарувања во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ", до ликвидаторот со пријава во два примероци со докази, а најдоцна во рок од 30 дена од последната објава.

Од ликвидаторот. (28184)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, објавува дека со решение на овој суд I.Л.бр. 191/2001, од 21.05.2001 година, е отворена ликвидациона постапка над должникот Производно, трговско и услужно претпријатие "ДИЈА" ДОО експорт-импорт с. Г. Седларце - Тетово, со жиро сметка 41500-601-35085.

За ликвидатор се определува лицето Глигур Симоски од Тетово со стан на ул. "Благоја Тоска" бр. 222, и тел. 044-332-025.

Се повикуваат доверителите на должникот да ги пријават своите побарувања во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ" до ликвидаторот со пријава во два примерока со докази, а најдоцна во рок од 3 (три) месеци од денот на последната објава.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (27792)

---

